# МРЕЖА 23

## ИПА – 2013/333-780

## ПОВИК ЗА ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

*Проектот Мрежа 23 го спроведува Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и Центарот за управување со промени. Проектот започна на 30 април 2014 година и ќе трае 15 месеци.*

# Содржина

1. ЗА ПРОЕКТОТ „МРЕЖА 23“........................................................................................................ 2

2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИКОТ ........................................................................................ 2

3. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТИТЕ ..................................................................................................... 3

4. ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА........................................................................................ 4

5. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА. ................................................................................................ 4

6. ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ........................................................................................................... 5

7. ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА........................................................................................................... 5

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ „МРЕЖА 23"

Проектот „Мрежа 23" има за цел да го унапреди влијанието на граѓанските организации во процесот на пристапување во Европската унија преку активно вклучување во следењето и евалуацијата на политиките и спроведувањето на законодавството на ЕУ, со фокус на Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Проектот нуди унапредување на капацитетите на граѓанските организации преку формирање иновативни мрежи и партнерства за постигнување поголемо влијание врз клучните реформски процеси во земјата. Со проектот се обезбедува вопоставување соработка помеѓу граѓански организации кој дејствуваат на централно и локално ниво и реализација на грантова шема за избрани организации.

*Очекувани резултати од проектот Мрежа 23:*

- Формирана функционална мрежа од граѓански организации за следење и евалуација на политиките од Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права,
- Зајакнати капацитетите на граѓанските организации за следење и евалуација на политиките од Поглавјето 23,
- Подготвени спефицични препораки за унапредување на политиките и
- Зголемено познавање на Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права.

*Проектните активности имаат за цел:*

- Создавање структуирана координација помеѓу граѓанските организации за следење и евалуација на спроведувањето на законодавството од Поглавјето 23,
- Зајакнување на капацитетите на грѓанските организации за следење и евалуација на спроведувањето на политиките од Поглавјето 23 на локално и централно ниво,
- Влијание врз процесот на донесување одлуки преку координиран пристап на мрежата 23 и зголемување на јавната свест за значењето на Поглавјето 23 врз севкупниот процес на пристапување во ЕУ.

Проектот го спроведуваат: Институтот за европска политика - Скопје, како водечки партнер, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и Центарот за управување со промени - како партнери. Придружни партнери се: Европскиот институт од Софија, Центарот за европска политика – Белград и Институтот Алтернатива од Подгорица.

# 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИКОТ

Во рамките на проектот е предвидена грантова шема за граѓански организации. Целта е да се обезбеди поддршка за граѓански организации кои се активно вклучени во следењето и евалуацијата на политиките во рамки на Поглавјето 23 – Правосудство и темелните права.

Грантовата шема има вкупен фонд од 3.071.000 денари и ќе опфати најмалку 7 организации кои ќе предложат проекти кои се однесуваат на локално и на државно ниво (најмалку пет проекти на локално ниво, најмалку два проекти на државно ниво). Максималниот износ за кој можат да аплицираат организациите кои ќе спроведуваат активности на ниво на повеќе општини/државно ниво ***е 614.200 денари***, додека за граѓански организации кои ќе спроведуваат активности на локално ниво (една општина) е ***307.100 денари***. Максималното времетраење на проектите треба да биде ***6 (шест) месеци***.

Граѓанските организации во Образецот за пријавување треба да наведат за каков тип на активности аплицираат со цел да се оправда предложениот буџет. Доколку се аплицира за грант кој ќе се спроведува во повеќе општини/државно ниво, предложените активности треба да го рефлектираат овој пристап и воедно во образецот за пријавување да се даде објаснување за пристапот.

***Организации кои имаат право на учество на повикот треба да се:***
- граѓански непрофитни организации регистрирани во Република Македонија,
- основани најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик,
- со соодветен организациски и финансиски капацитет на организацијата.

# 3. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТИТЕ

Заинтересираните граѓански организации се мотивираат да поднесат проектни апликации преку кои ќе спроведат следење/евалуација на одредена тема која се однесува на политиките и законодавството од Поглавјето 23.

Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права е структуирано во следниве области:

I. *Правосудство*
   - Зајакнување на независноста и објективноста на правосудниот систем
   - Зајакнување на ефикасноста на правосудниот систем
   - Пристап кон правдата

II. *Борба против корупцијата*
   - Борба против корупцијата (правна и институционална рамка)
   - Спречување на корупцијата

III. *Темелни права*
   - Оваа област ги опфаќа сите права кои се составен дел на Повелбата за темелните права и слободи на Европската Унија[2]. Граѓанските организации имаат слобода да се фокусираат на одделни права и слободи од Повелбата или посебен аспект на нивното остварување во Република Македонија.
   - Во последниот извештај на ЕК за напредокот на РМ за 2013, во делот за Темелните права, направен е осврт на следниве прашања: Меѓународни конвенции; превенција од тортура и несоодветен третман; казнено-поправен систем; слобода на изразување; права на жената и родова рамноправност; права на децата; социјално ранливи групи и лица со ментална и физичка попреченост; заштита од дискриминација (законска и институционална рамка, маргинализирани групи, вклучително и ЛГБТИ), заштита на правата на малцинствата; заштита на личните податоци.

Се поттикнува анализа базирана на докази и податоци добиени од терен; студија на случај; интервјуа со засегнати страни (институции, претставници од локални граѓански организации), фокус групи и анкети на граѓани и мерење на нивните перцепции, ставови и слично. Понатаму, проектите можат да се однесуваат и на следење на работата и резултатите на централните и локалните институции кои имаат своја улога во спроведувањето на политиките од Поглавјето 23 и/или обработка и анализа на податоци и нивна визуелизација и презентација на разбирлив начин. Конечните резултати од спроведениот проект треба да бидат презентирани и објавени во документ за јавна политика за што ЕПИ ќе организира и специјализирана обука за грантистите. Резултатите од проектот Мрежа 23, вклучително и резултатите од проектите на грантистите, ќе бидат презентирани на Национална конференција во 2015 година.

За грантистите ќе се спроведат три работилници за дополнително зајакнување на нивните капацитети за следење и евалуација, обука за содржината и структурата на Поглавјето 23, при што ќе бидат разменети најдобри ЕУ и регионални практики. Првата работилница ќе биде организирана за обука на грантистите за следење и евалуација (октомври 2014), втората ќе биде специјализирана обука за Поглавјето 23 (декември 2014) и третата за развој на стратегија за дејствување на мрежата (февруари 2015). Учеството во работилниците е од задолжителен карактер за сите грантисти.

[2] http://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf

# 4. ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

Апликантите треба да достават:

- пополнет Образец за пријавување (Прилог 1);
- пополнет Предлог- буџет во ексел формат (Прилог 2);
- тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, не постара од шест месеци;
- резиме на директор/раководител на организацијата на најмногу 2 страници.

Објаснувања за пополнување на Образецот за пријавување и на Предлог - буџетот се дадени во самите обрасци.

**Апликациониот пакет се доставува само по електронски пат на следниве адреси:** network23@epi.org.mk, CC: aleksandar.jovanoski@epi.org.mk.

**Рокот за доставување е 10.09.2014 година.**
Проектниот тим со електронска порака ќе го потврди приемот на апликацијата.

# 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата на апликациите ќе се врши согласно следнава методологија:

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| **АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА (прва фаза)** | | |
| Апликацијата е доставена во рамки на временскиот рок објавен во Повикот (10 септември 2014 година) | | |
| Апликацијата е уредна и ги содржи сите прилози објавени во повикот (Прилог 1 - Образец за пријавување, Прилог 2 – Буџет, тековна состојба, резиме на директорот/раководителот на организацијата). | | |
| Искажана е недвосмислена мотивација за учество во планираните три работилници во рамки на проектот. | | |
| Организацијата ги исполнува формалните услови за учество во повикот (онована во Република Македонија најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик) | | |
| Доколку **сите претходни одговори се ДА:** | | |
| **ОДЛУКА:** Одборот за избор ја спроведе административната постапка и предложи понатамошна евалуација на проектната апликација. | | |
| **ЕВАЛУАЦИЈА НА ЦЕЛОСНАТА АПЛИКАЦИЈА (втора фаза)** | ВКУПНО | ДОДЕЛЕНИ |
| Евалуација на Образецот за пријавување | 60 бода | |
| - Предложениот проект обезбедува меѓусебна конзистентност. Поврзаноста помеѓу целта, резултатите и предложените активности е видлива и јасна. | 15 бода | |
| - Проблемот е успешно и прецизно поставен. Целта на проектот е прецизно поставена и одговара на целите на проектот „Мрежа 23“. | 10 бода | |
| - Активностите се прецизно и успешно поставени и одговараат на временската рамка (6 месеци). | 15 бода | |
| - Буџетот е реално поставен и одговара на предложените активности. Почитувани се принципите на солидно финансиско работење. | 10 бода | |
| - Организацијата има соодветен организациски и финансиски капацитет. | 5 бода | |
| - Организацијата има досие на успешност во реализирање на проекти во областа на правосудството и темелните права. | 5 бода | |
| **ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТ (трета фаза)** | ДА | НЕ |
| Одборот за избор има потреба од доставување дополнителни информации од страна на граѓанската организација. | | |
| Одборот за избор по спроведената евалуација донесе одлука за доделување грант и предлага склучување на договор. | | |

Врз основа на спроведената постапка, Одборот за избор ќе подготви листа на рангирани проекти , вклучувајќи и резервна листа. На интервју ќе бидат повикани само избраните грантисти. Конечната листа ќе биде објавена на интернет страните на партнерските организации.

## 6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГРАНТОВИТЕ

ЕПИ со грантистите ќе потпише договор во кој ќе бидат дефинирани меѓусебните права и обврски, како и начинот на спроведување и исплата на добиениот грант. Во текот на спроведувањето на проектот, избраните граѓански организации се обврзуваат да достават наративен и финансиски извештај по првите три месеци од спроведувањето на грантовата шема. По завршувањето на проектите, грантистите ќе достават и конечни наративни и финансиски извештаи до Институтот за европска политка (ЕПИ). За таа цел на грантистите ќе им биде доставено упатство и образец за изработка на наративниот и финансискиот извештај.

**Исплатата** на грантовите ќе се врши на следниов начин:

**Прва рата** – 50% од целосниот грант по потпишувањето на договорите;
**Втора рата** – 30% по одобрување на тримесечниот наративен и финансиски извештај;
**Трета рата** – 20% по одобрување на конечниот наративен и финансиски извештај.

## 7. ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА

За заинтересираните кандидати, ќе се организира информативна сесија за овој повик. Сесијата ќе се одржи во просториите на Хелсиншкиот комитет за човекови права на ул. Наум Наумовски Борче бр. 83, Скопје на **25.08.2014,** со почеток во **13.00 часот**. Ве молиме вашето присуство да го најавите на: **network23@epi.org.mk**, CC: **aleksandar.jovanoski@epi.org.mk**. По одржувањето на сесијата, партнерските организации ќе објават Q&A на нивните интернет страници.